З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57- 6

Датум: 27.01.2022 година

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 20____ год.
Потпис,

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзорот	
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичем број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на трансакциска-сметка на субјектот	
Банка депонент	Шпаркасе банка АД – Скопје
Одговорно лице на субјектот: /	

Име и презиме: физичко лице	Телефон:	Е-пошта:

2) Податоци за инспекцискиот надзор

	1. РЕДОВЕН	2. **ВОНРЕДЕН**	3. КОНТРОЛЕН
Вид на инспекцискиот надзор			

Датум на почеток на инспекцискиот надзор	24.01.2022 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	11:00 ч.
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	26.01.2022 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	15:00 ч.
Назив на објектот – /			

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура на **Агенцијата за деловно посредување и застапување на авторски права ВЕДА – Скопје**, во вкупен износ од **56.000,00 денари**, за учество во проектот од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г., од кои на ден 18.12.2019 г. на корисникот му е исплатен нето износ од **49.865,00 денари** (забелешка: 4.135,00 денари по основ на провизија и персонален данок). согласно со Договорот бр. 18-10790/1 од 26.09.2019 г., за учество во финансирање проект од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г., како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот - **„Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар"**, до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на ОБРАЗЕЦОТ за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на Министерството за култура како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери, промотивни видеа).

Основ: член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

6.)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот - физичко лице не беше претствувано од друго лице.

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица

Ред. бр.	Име и презиме	Својство
/	/	/

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Пријавата приложени се Известување-согласност бр. 09-1765/2 од 26.08.2019 г., од Општина Гостивар, за службен пристап до основните училишта во Гостивар, Пред – договор, склучен меѓу како координатор на Проектот со -Полошко, за предавач за историска област; од Гостивар, како презентер: како асистент за технички работи и организирање и за озвучување и за пропаганден материјал.

- Согласно со член 2 став (2) од Договорот, според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот** пополнет на образецот објавен на веб-страницата на МК, корисникот на 14.10.2019 г. до МК има доставено БАРАЊЕ заведено под бр. 18-10790/2 од 16.10.2019 г., за исплата на одобрените средства од МК, за реализација на проектот - „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар" и тоа според Оперативниот и финансиски план за следните ставки/трошоци:

1. **Авторски и други надоместоци (вкупно 68.000,00 денари)**
на проектот) – 19.000,00 денари,
презентација) – 17.000,00 денари,
- архитект – за технички цртежи на културните објекти) – 19.000,00 денари,
историчар за културните објекти) – 13.000,00 денари,
2. **Маркетинг – плакат, програма и друго (вкупно 12.000,00 денари)**
- печатење брошури – 6.000,00 денари,
- фотографии – 4.500,00 денари,
- звук - систем – 1.500,00 денари и
се вкупно **80.000,00 денари**.

Кон БАРАЊЕТО и Оперативниот и финансиски план, на увид се доставени: пополнета Изјава за наменско користење на средствата, потпишана од и пред-договорите за уметничка соработка, склучени меѓу со и . Во Оперативниот и финансиски план, меѓудругото е наведено дека Проектот, ќе се реализира во сите основни училишта во Гостивар, во временски период од 8 часа.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

-ПОТВРДА бр. 0302-379 од 22.12.2019 г., издадена од секретарот на ООУ „Форино" од с. Форино, дека проектот е реализиран на 29.11.2019 г.,

Со Финансискиот извештај, во прилог до Министерството за култура, се доставени вкупно 5 (пет) црно - бели фотографии - копии – неиспечатени (забелешка: без видео документација), како и 4 (четири) примерока од **проспектот (брошура), со кратки информации за четирите културни објекти (двојазичен, на македонски и на албански јазик), но при тоа не е постапено согласно** со обврската од член 3 (став 8) од **Договорот, според којшто е предвидено дека корисникот има обврска на соодветен начин да го го објави учеството на Министерството за култура, во финансирањето на проектот од членот 1 од Договорот. При надзорот, не е дадено образложение од која причина не е објавено учество на Министерството за култура, во финансирањето на проектот, ниту на истиот е објавен место и датумот на реализација на проектот.**

На проспектот не се наведени задолжителните податоци од **член 7 од Законот за издавачката дејност** („Сл. весник на Република Македонија" бр. 199/14 и 152/15), како што се податоци за издавачот/соиздавачот (назив и седиште)/име и презиме на авторот за авторско издание, наслов на публикацијата и име и презиме/имиња и презимиња на авторот/авторите, носителот на авторското право, назив и седиште на печатницата/произведувачот, место на издавање и друго.

Графите за **местото (простор, град), датумот и времетраење (по денови), на Проектот – „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар"**, како и **наративниот извештај, не се воопшто пополнети.**

Додека, во табеларниот преглед од финансискиот Извештај од 07.10.2020 г., за трошоците кои се покриени со средствата одобрени од Министерството за култура во износ од **80.000,00 денари** (од кои авансно на 18.12.2019 г., преведени се **49.865,00 денари**), наведено е дека износот на исплатен трошок е во износ од 80.000,00 **денари, без пополнета графа за „износ на неисплатен трошок" (обврски)".**

Во член 3 став (4) од Договорот е предвидено дека целосното исплаќање на одобрените средства, МК ќе го изврши по реализацијата на проектот и по доставување извештај за потрошените средства за реализација на проектот.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

				Извештајот, на Агенцијат Веда-Скопје, од 18.12.2019 г.)
2	од Гостивар	Хонорар за презентација	17.000,00	Платено по пред-договор за уметничка соработка Договорот за регулирање н меѓусебни односи, склуче на 02.01.2020 г. (спор **Уплатница од 07.10.2020 г.)**
3.	од Полошко	Хонорар за архитект – за технички цртежи на културните објекти	19.000,00	Платено по пред-договор за уметничка соработка Договорот за регулирање н меѓусебни односи, склуче на 02.01.2020 г. (спор **Уплатница од 07.10.2020 г.)**
4.	Врапчиште	Хонорар за историчар за културните објекти	13.000,00	Платено по пред-договор за уметничка соработка Договорот за регулирање н меѓусебни односи, склуче на 02.01.2020 г. (спор **Уплатница од 07.10.2020 г.)**
		Вкупно:	**68.000,00 денари**	**Разликата од аванс преведените средства исплатена од сопствен средства на - 18.135,00 денари**
5.	Агенција за деловно посредување и застапување на авторски права ВЕДА – Скопје	Провизија и персонален данок	4. 135,00	Платено со Решението бр. 18 10790/3 од 11.12.2019 г. (на 17.12.201 г., според Аналтичка картич единечна, на МК)
Маркетинг – плакат, програма и друго (вкупно 12.000,00 денари)				
5.	Друштво за маркетинг, дизајн, трговија и услуги А-ЗЕРО ДООЕЛ од	За печатење брошури (6.000,00), фотографии (4.500,00), и за звук - систем (1.500,00)	**12.000,00 (сопств. средства)**	Според Уплатница од 07.10.202 г., за извршена исплата н 12.000 ден. на А-ЗЕРО ДООЕЛ Гостивар, но не е доставена Фактура, освен Про/фактура бр 78/2019 од 20.11.2019 г., на изно од 12.000,00 денари, којашт

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

до МК, се во вкупен износ од 68.000,00 денари, при што од страна на корисникот се доплатени сопствени средства, **во нето износ од 18.135,00 денари**, коишто се признаваат како наменски трошок, а се без пресметан персонален данок и провизија за Агенцијата за интелектуални услуги ВЕДА од Скопје.

- Согласно со доставените потврди бр. 03-560 од 27.12.2019 г., бр. 03-238/1 од 26.12.2019 г., бр. 03-163/1 од 25.11.2019 г., бр. 03-362 од 25.12.2019 г. и бр. 0302-379 од 22.12.2019 г., издадени од ООУ „Исмаил Ќемали" од Гостивар, ООУ „Единство" од Гостивар, ООУ „Фаик Коница" од с. Дебреше, Гостивар, ОУ „Чајла" од с. Чајле, Гостивар и ООУ „Форино" од с. Форино, проектот – „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г.", е реализиран во периодот од 25.11. до 25.12.2019 година.

- Во однос на обврската од **член 4 од Договорот**, според којашто корисникот бил должен во рок од 15 (петнаесет) дена пред реализацијата на проектот до Министерсвото за култура по електронска пошта на адресата info@kultura.gov.mk да достави известување за денот, местото и времето на реализацијата на Проектот и за содржина на Проектот, како и промотивни материјали поврзани со проектот (**плакати, постери, промотивни видеа**), а во рок од 3 дена по реализацијата да достави известување дека е реализиран проектот со приложување на фото/видео документација. утврдено е дека **корисникот нема постапено по оваа обврска**.

- До Министерството за култура, освен фотографии – неиспечатени, доставени се и 4 (четири) примерока од **проспектот (брошура), со кратки информации за четирите културни објекти (двојазичен, на македонски јазик и на албански јазик), но при тоа не е постапено согласно со обврската од член 3 став (8) од Договорот, според којшто е предвидено дека корисникот има обврска на соодветен начин да го објави учеството на Министерството за култура, во финансирањето на проектот од членот 1 од Договорот, ниту на истиот е објавен место и датумот на реализација на проектот.**

На проспектот, којшто не ниту лекториран на македонски јазик, што е обврска согласно со **член 5 и 7 од Законот за употребаат на македонскиот јазик**, не се наведени, ниту задолжителни податоци од **член 7 од Законот за издавачката дејност** („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15), како што се податоци за издавачот/соиздавачот (назив и седиште)/име и презиме на авторот за авторско издание, име и презиме/имиња и презимиња на авторот/авторите, носителот на

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Потпис на на претставникот на субјектот на надзор:		Печат и потпис на инспекторот за култура:	главен инспектор за култура
Датум:	01.2022 г.	Датум:	27.01.2

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат прич за истото.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

инсталацијата каде што се врши надзорот	
Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	/
Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК)

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за м. јануари, 2022 г. бр. 57-49/1 од 03.01.2022 г., а во врска со наводите од Барањето бр. 44-9216/82 од 06.12.2021 г., поднесено од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК, дека „Во Образецот за наративен, не е наведен рок за реализација, не е пополнет, ниту пак во прилог е даден наративен опис на фазите на реализација.Недостигаат банкови изводи (доказ вирмани), доказ за 1,500 денари за ставка-Звук систем и докази за наведени неисплатени трошоци. Визуелниот материјал по договор не содржи лого на МК и датум кој ја докажува реализацијата на проектот. Доставеното барање за исплата на остатокот и за реализиран проект, е една година по рокот согласно склученио договор. Од приложените вирмани за извршена уплата на хонорарците-соработници во проектот утврдено е дека уплатата е извршена една година по истекот на рокот. Работната група од приложената документација не може да утврди дали проектот е целосно реализиран и во утврдениот рок.".

.

4.) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на вонредниот инспекциски надзор, субјектот на надзорот е известен со Допис Ип. 1 бр. 57 - 6 од 11.01.2022 г., согласно со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19).

5.) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

Предмет: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на **член 68 од Законот за културата**, односно надзор над наменското користење на авансно

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве **наоди за утврдената фактичка состојба**:

- Со **Решението на министерот за култура УП1 бр. 18-486 од 19.09.2019 г.** донесено согласно со член 65 ставовите (1) и (3) од Законот за културата, проектот - „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", содржан во **Пријавата УП 1 бр. 18-486 од 30.08.2019 г.**, поднесена од физичкото лице по Конкурсот за учество во финансирање проекти за Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 година, објавен на 01.08.2019 г., е избран за проект за Манифестацијата во 2019 г. и за финансирање на проектот се доделени средства во износ од **80.000,00 денари**, со вкупно освоени 65 бода.

При надзорот, е утврдено дека Пријавата **УП 1 бр. 18-486 од 08.11.2019 г.**, од МК за проектот - „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", се побарани **238.000,00 денари,** од кои:
- 60.000,00 денари, за хонорар за тимот – 4 лица,
- 40.000,00 денари, за материјални трошоци - фотографии;
- 10.000,00 денари, за патни трошоци;
- 20.000,00 денари, за печатење брошури;
- 60.000,00 денари, за архитектот за техничките цртежи на културните објекти;
- 30.000,00 денари, проектот и звук систем и
-18.000,00 денари, за застапување, се вкупно **238.000,00 денари**, колку е планирано да изнесува буџетот на Проектот.

Во однос на реализацијата на проектот „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", во Пријавата е наведено дека е предвидено да се ангажираат архитект и историчар кои ќе понудат детални информации во однос на културните вредности што ги има градот Гостивар („Саат кула", црква „Св. Димитрија", „Бегова куќа" и „Куќата на Ахмед Чако"). Проектот, е предвидено да се реализира во временскиот период од 8 (осум) дена, на македонски и на албански јазик, а како место на реализација се наведени Гостивар: ОУ „Гоце Делчев", ОУ „Мустафа Кемал Ататурк", ОУ „Братство и Единство", с. Чајле: ОУ „Исмаил Ќемали", с. Дебреше: ОУ „Фаик Коница" и с. Чегране; ОУ „Прпарими". Во прилог, кон

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Забелешка: **според член 3 став (3) од Договорот е предвидено дека целосното исплаќање на одобрените средства, МК ќе го изврши по реализацијата на проектот и по доставување извештај за потрошените средства за реализација на проектот.**

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот (забелешка: според **член 3 став 1 од Договорот** заклучно со 20.11.2019 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2019 г.), до МК да го достави **извештајот за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, **на ОБРАЗЕЦОТ за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на Министерството за култура**, утврдено е дека до МК, Сектор за дејностите од областа на културата, во прилог со **Барањето од 07.10.2020 г.**, заведено во МК под дел. бр. 22-10432/1 од 13.10.2020 г., за исплата на преостанатиот дел од одобрените парични средства (30%), е доставена следната материјално – финансиска документација:

-пред-договорите за уметничка соработка, склучени меѓу со и со налозите за исплатени средства на физичките лица;

-Договор за регулирање на меѓусебни односи, склучен на 02.01.2020 г., меѓу како носител на Проектот со од Гостивар, од Неготино и од Врапчиште,

-Про/фактура бр. 78/2019 од 20.11.2019 г., издадена од Друштвото за маркетинг, дизајн, трговија и услуги ДООЕЛ од Гостивар, за печатење брошури, изработка на фотографии и за фотокопирање, на износ од 12.000,00 денари;

-ПОТВРДА бр. 03-560 од 27.12.2019 г., издадена од в.д. директорот на ООУ „Исмаил Ќемали" од Гостивар, дека проектот е реализиран на 25.12.2019 г.,

-ПОТВРДА бр. 03-238/1 од 26.12.2019 г., издадена од в.д. директорот на ООУ „Единство" од Гостивар, дека проектот е реализиран на 25.12.2019 г.,

-ПОТВРДА бр. 03-163/1 од 25.11.2019 г., издадена од директорот на ООУ „Фаик Коница" од с. Дебреше, Гостивар, дека проектот е реализиран на 25.11.2019 г., -ПОТВРДА бр. 03-362 од 25.12.2019 г., издадена од в.д. директорот на ОУ „Чајла" од с. Чајле, Гостивар, дека проектот е реализиран на 25.12.2019 г.,

- Во однос на обврската од член 4 од Договорот, според којашто корисникот бил должен во рок од 15 (петнаесет) дена пред реализацијата на проектот до Министерсвото за култура по електронска пошта на адресата info@kultura.gov.mk да достави известување за денот, местото и времето на реализацијата на Проектот и за содржина на Проектот, како и промотивни материјали поврзани со проектот (**плакати, постери, промотивни видеа**), а во рок од 3 дена по реализацијата да достави известување дека е реализиран проектот со приложување на фото/видео документација. утврдено е дека **корисникот нема постапено по оваа обврска**.

Користење на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК

-Од Буџетот на Р. Северна Македонија преку МК согласно со Договорот бр. 18-10790/1 од 26.09.2019 г., за учество во финансирање на проектот „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г., одобрени се средствата во вкупен износ од **80.000,00 денари**.

Според сметководствената документација и евиденцијата на МК, со **Решението бр. 18-10790/3 од 11.12.2019 г.**, преку Министерството за култура за корисникот авансно од Буџетот на РСМ на **Агенцијата ВЕДА – Скопје**, се преведени средствата во вкупен износ од **56.000,00 денари** (70% од одобрените средства), за учество во финансирање на проектот од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г., од кои на ден 18.12.2019 г. на корисникот му е исплатен нето износ од **49.865,00 денари** (забелешка: **4.135,00 денари по основ на провизија и персонален данок**, на 17.12.2019 г., според Аналитичка картичка единечна, на МК)). за проектот „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар".

Трошењето на авансно програмските средства во износ од **49.865,00 денари**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

Ред. бр.	Доверител	Намена (според Оперативниот и финансиски план)	Износ	Забелешка
Авторски и други надоместоци (вкупно 68.000,00 денари)				
1.		Хонорар за носител на проектот	19.000,00	Платено по Договорот за учество во финансирање бр. 18-10790/1 од 26.09.2019 г. (според

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

	Гостивар			претх. е доставена с Извештајот до МК
	Авансно преведени од МК: 56.000,00 денари (нето 49.865,00 денари) (од одобрените 80.000 денари)		**80.000,00 денари**	

Во текот на инспекцискиот надзор, од страна на корисникот е доставена Уплатница/Налог за извршената уплата на 12.000,00 денари (во истата не е пополнета графата-повикување на број), на Друштвтото за маркетинг, дизајн, трговија и услуги . од Гостивар, но не е доставена и потребната Фактура, освен претходно со Финансискиот извештај Про/фактурата бр. 78/2019 од 20.11.2019 г., на износ од 12.000,00 денари, а на мејл се испратени повеќе фотографии, снимени во и пред основните училишта, со децата и другите учесници.

Според изјавата на корисникот, на горенаведените физички лица ангажирани, како соработници во реализација на Проектот, веднаш по авансно добиените средства од МК, преку Агенцијата ВЕДА од Скопје, им се исплатени во готово (**на рака**), паричните средства по основ на хонорар, но дека поради забелешката од вработен од Министерството за култура, Сектор за дејностите од областа на културата и уметноста, дека средствата не може да бидат исплатени на рака, на ден 07.10.2022 г. извршено е преведување на средствата на нивните трансакциски сметки, иако всушност не им се преведени дупли средства.

Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со физичкото лице

-Утврдена е следната неправилност во работењето на субјектот на надзорот:

- авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, на корисникот во **вкупен нето износ од 49.865,00 денари** (од одобрените 80.000,00 денари), за реализација на проектот – „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г.", се потрошени наменски согласно со обврската од **член 68 од Законот за културата и тоа во** конкретниот случај за исплата на хонорари на физичките лица , и како и за сопствен авторски хонорар, во својство на координаторот на Проектот **согласно со бараното во Оперативниот и финансиски план доставен**

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

авторското право, назив и седиште на печатницата/произведувачот, место на издавање и друго.

Имајќи го предвид горенаведеното, односно неисполнети договорени и законски обврски од страна на корисникот, како и фактот дека не е доставена и Фактурата од Друштвото за маркетинг, дизајн, трговија и услуги од Гостивар, овој трошок од 12.000 денари не може да биде признаен како наменски трошок.

Со оглед дека не е утврдено ненаменско користење на авансно добиените средства од Буџетот на РСМ, во вкупен нето износ од 49.865,00 денари, за реализација на пректот - „Да научиме за вредностите на културните објекти на Општина Гостивар", од Манифестацијата „Нов културен бран" во 2019 г.", од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, а се признаваат како наменски трошоците во вкупен нето износ од 18.135,00 денари (со пресметан **персонален данок и провизија за Агенцијата за интелектуални услуги ВЕДА од Скопје, се вкупно во бруто износ од 20.202,00 денари), за исплатен хонорар на физичките лица и , како и за сопствен авторски хонорар на корисникот согласно со доставениот Оперативен и финансииски план до МК; од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Поради обемот и сложената на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ~~ИМАШЕ~~/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

-
-
-
-

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk